Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 11-1974/5
Дата: 05.11.2012

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До : МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
ул. "Црвена скопска општина" бр.4
Скопје

Предмет: Достава на решение за издавање на согласност на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина и социо-економски аспекти за проектот: " Железнички коридор VIII - Источна делница "

Врска: Ваш број 12-4451/2 од 21.02.2012година

Почитувани,

Во прилог Ви го доставуваме Решението за издавање на согласност на Студија за оценка на влијанието врз животната средина и социо-економски аспекти за проектот: "Железнички коридор VIII - Источна делница "

Со почит,

Изготвил: Билјана Сироска
Контролирал: м-р Зоран Бошев
Согласен: Александар Петковски
Одобрил: Филип Иванов

**МИНИСТЕР**
**ABDILAQIM ADEMI**

Република Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје

Доставено до:

- Општина Кратово
- Општина Ранковце
- Општина Куманово
- Општина Крива Паланка

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Управа за животна средина

[redacted]

Бр11-1974/5
05-11-2012

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011 и 123/2012), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Со ова Решение се дава Согласност на барањето за спроведување на Проектот: "Железнички коридор VIII - Источна делница " во општина Кратово, општина Ранковце, општина Куманово и општина Крива Паланка, за потребите на инвеститорот Министерство за транспорт и врски.

2. Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина и социо-економските аспекти на Проектот: "Железнички коридор VIII - Источна делница " во општина Кратово, општина Ранковце, општина Куманово и општина Крива Паланка, ги задоволува барањата за заштита на животната средина со примена на мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија врз животната средина.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во рок од пет работни дена од денот на донесувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

### *Образложение*

На ден 21.02.2012 година, Министерството за транспорт и врски, со седиште на ул. "Црвена Скопска Општина" бр.4 од Скопје, до Министерството за животна средина и просторно планирање ја достави Студијата за оцена на влијанието врз животната средина и социо-економските аспекти за Проектот:

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Управа за животна средина

[redacted]

“Железнички коридор VIII - Источна делница “ во општина Кратово, општина Ранковце, општина Куманово и општина Крива Паланка со број 11-1974/1. Студијата е изготвена од страна на Eptisa SEE(Србија) во соработка со DB International GmbH (Германија), согласно Законот за животна средина (“Службен весник на Република Македонија” бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010 и 51/2011), со назначено одговорно лице Славјанка Пејчиновска-Андонова. Проектот се состои од 88.1км железничка пруга низ североисточниот регион на Македонија, поделен на следните три делнци: Делница 1: Од Куманово до Бељаковце (30.8км), оваа делница во минатото била функционална, а реконструкцијата ќе биде дел од овој проект, делница 2: Од Бељаковце до Крива Паланка (33,9км), градежните работи на оваа делница се завршени во минатото, со овој проект довршување на изградбата и делница 3: Од Крива Паланка до Деве Баир, на бугарска граница (23.4км).

Анализата на можни еколошки и социо - економски влијанија е извршено врз животната средина, врз почвата, можни влијанија врз површинските води, можни влијанија врз подземните води, врз климата и врз квалитетот на воздух, влијанија врз пејсажот и визулени влијанија, влијанија од бучава и вибрации, можни влијанија врз природните живеалишта, можни влијанија врз флората и фауната, можни влијанија врз заштитени и означени области и можни влијанија врз културното наследство. Аналогно на можните влијанија предвидени се мерки за ублажување на влијанијата.

Согласно член 91 од Законот за животна средина (“Службен весник на Република Македонија” бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010 и 51/2011) се одржаа четири јавни расправи во врска со Студија за оцена на влијанието врз животната средина за Пректот: “Железнички коридор VIII - Источна делница “ и тоа:

- 24 април 2012 година (вторник), во сала на Општина Кратово со почеток во 11.00 часот.
- 24 април 2012 година (втроник) , во сала на Совет на Општина Ранковце со почеток во 14.30 часот.
- 25 април 2012 година (среда) , во сала на совет на Општина Куманово (Поранешен комитет) со почеток во 11.00 часот.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

# Република Македонија
# Министерство за животна средина и просторно планирање
# Управа за животна средина

[redacted]

Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

- 26 април 2012 година (четврток) , во Голема сала на Општина Крива Паланка со почеток во 10.00 часот.

Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина и социо-економските аспекти Прекtот: "Железнички коридор VIII - Источна делница ", формирана од Министерот за животна средина и просторно планирање, по спроведената јавна расправа, согласно Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006) го изработи Извештајот и го достави до Министерот за животна средина и просторно планирање. Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за ОВЖС за Прекtот: "Железнички коридор VIII - Источна делница " ги разгледа изворите и видовите на можни деградации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми. Проектираните заштитни мерки се апликативни и ќе ги задоволат основните барања. Извештајот беше објавен во два дневни весници достапни на целата територија на Република Македонија и на Интернет страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Правна поука: Против ова Решение засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението.

МИНИСТЕР
ABDILAQIM ADEMI